# ПРАВИЛНИК
## за организација и водење на статистика во лигите на МКФ

**Член 1**

Со овој Правилник се регулираат правата и обврските на лицата кои се лиценцирани за водење официјална статистика на натпреварите во лигите на МКФ.

**Член 2**

Официјалните лица – статистичари, се организирани во Секција на статистичари на МКФ, која има свој Раководител и работи според принципите на овој Правилник. Раководителот на Секцијата има задолжение и обврска да води евиденција на статистичарите, да врши нивно делегирање и да се грижи за обука и едукација на сите членови на Секцијата. Раководителот на Секцијата на статистичари на МКФ е поставен од Управниот Одбор на МКФ, на предлог на Генералниот Секретар на МКФ.

**Член 3**

Управниот Одбор на МКФ, преку Генералниот Секретар на МКФ, е надлежен за организација на семинари, утврдување услови и издавање на лиценци за службени лица – статистичари.

**Член 4**

Управниот Одбор на МКФ е надлежен за утврдување на висината на таксата за надомест за водење статистика на натпреварите во лигите на МКФ.

Таксата за надомест за сезоната 2013-2014 и се до донесување на нова одлука изнесува:

- 1500 денари по натпревар за натпреварите од Прва Лига Мажи;
- 1200 денари по натпревар за натпреварите од Прва Лига Жени, Втора Лига Мажи и Трета Лига Мажи;
- 1000 денари по натпревар за натпреварите во младински категории до 20 и до 18 години;
- 800 денари по натпревар за натпреварите во младински категории 16 години и помлади, и таксата ја сноси клубот домаќин.

Таксата за водење натпревари во:

- ЕВРОКУП (4 лица) изнесува 5000 денари,
- АБА лига (2 лица) изнесува 2000 денари,
- БИБЛ лига (2 лица) изнесува 2000 денари.

Секој лиценциран статистичар со стекнување на својата лиценца се обврзува, доколку е делегиран, да води статистика без надомест на официјални и пријателски натпревари на сениорските национални тимови. Управниот Одбор на МКФ е надлежен за утврдување на висината на годишната такса за членарина на членовите на Секцијата на статистичари. Висината на годишната такса за членарина во Секцијата изнесува:

- 5000 денари - за сите лица кои ќе бидат поканети на семинар за стекнување на лиценца и обуката ќе ја завршат успешно,
- 1000 денари – за сите младински лиги.

Доколку еден статистичар се стекне со лиценца за сениорски лиги, автоматски лиценцата е важечка и за сите младински лиги и ја уплаќа таксата само за лиценца за сениорски лиги. Доколку некој од статистичарите не присуствува на редовниот годишен семинар, тогаш цената за неговата такса за членарина се множи по коефициент 2 (два) за присуство на вонреден семинар.

**Член 5**

Официјално службено лице – Статистичар на МКФ – може да биде само лице обучено на соодветен семинар во организација на МКФ, кое на семинарот се здобива со лиценца во времетраење од 1 сезона (Септември-Јуни). Само лиценцираните лица се овластени да водат статистика на натпреварите во лигите на МКФ, како и на меѓународните натпреварувања на територијата на Република Македонија. Статистичар на МКФ во соодветната сезона (Септември-Јуни) не смее истовремено да биде и лиценциран судија или помошен судија при лигите на МКФ.

**Член 6**

Секој клуб надвор од Скопје мора да пријави на обука најмалку по 2 (две) овластени лица за водење статистика за секоја сезона. Доколку заради објективни причини клубот има потреба да замени едно или двете од лицата, тие се должни да минат вонредна обука и да ги исполнат обврските за стекнување на лиценцата.

**Член 7**

Официјална статистика на натпреварите од сениорски лиги водат најмалку 2 лица (главен статистичар и помошен статистичар), а на натпреварите од младински лиги најмалку едно лиценцирано лице и еден нелиценциран помошник (суфлер). Главниот статистичар има обврска да ги внесува податоците од натпреварот на серверот преку специјалицираната програма и софтвер доставени од канцеларијата на МКФ. Помошниот статистичар има обврска да му асистира на главниот статистичар во внесувањето на податоци и да ги дистрибуира испечатените парцијални (по секоја четвртина) и финалната статистика, на двете екипи, на делегатот на натпреварот и на новинарите. Статистика можат да водат и повеќе од две лица, главен статистичар и помошни статистичари. Таксата за надомест за водење статистика на еден натпревар е идентична, без разлика на бројот на лицата кои ја водат статистиката и се дели подеднакво меѓу статистичарите.

На никој од членовите на Секцијата на статистичари не му е гарантиран бројот на натпревари на годишно ниво. Нивното делегирање зависи од квалитетот на нивната работа и односот со актерите на теренот.

**Член 8**

Секој член на Секцијата на статистичари на МКФ мора да поседува сопствен преносен компјутер и ласерски печатач, кои ќе бидат користени на натпреварите. Статистичарот е должен да се пријави на делегатот на натпреварот најдоцна 1 час пред неговиот почеток. Статистичарот мора ги внесе сите податоци за натпреварот најдоцна 30 минути пред неговиот почеток, а најдоцна 20 минути пред неговиот почеток да се конектира на интернет серверот каде треба да го постави натпреварот за следење на статистика во живо.

**Член 9**

Секој член на Секцијата на статистичари на МКФ е должен да ја носи Лиценцата за статистичар и по потреба да му ја приложи на делегатот на натпреварот. На секој натпревар (дури и неофицијален), статистичарот е должен да се однесува и изгледа пристојно и да ја носи официјалната униформа на статистичар која ја добива од МКФ.

По завршувањето на натпреварот, главниот статистичар е должен да испрати електронска копија од статистиката на e-mail адресата на уредникот на официјалната веб-страница (editor@basketball.org.mk) доколку имало проблем со водењето на статистиката во текот на натпреварот.

**Член 10**

Секој статистичар е должен да ги почитува номинациите и да го почитува овој Правилник и неговите членови. Секоја задоцнето или неоправдано откажување повлекува казна за статистичарот. Секое непојавување на натпревар без претходна најава повлекува бришење од Секцијата на статистичари и губење на лиценцата за тековната сезона. Раководителот има право во консултација и одобрување на Генералниот Секретар на МКФ да изрекува казни на членовите на Секцијата на статистичари, и тоа:

- Одбивање на номинација – казна: неделегирање на 4 натпревари
- Доцнење на натпревар според член 8 – казна: неделегирање до 6 натпревари
- Ненавремено конектирање на интернет – казна: неделегирање на 2 натпревари
- Неносење на официјалната униформа – казна: неделегирање на 8 натпревари
- Неносење на лиценца на натпревар – казна: неделегирање 4 натпревари
- Непојавување на натпревар – казна: бришење од Секцијата на статистичари

Секој статистичар кој ќе добие две казни од било кој вид во една сезона, автоматски се брише од Секцијата на статистичари. Изречената казна стапува на сила по испраќање на статистичарот на неговиот е-маил. Доколку некој статистичар е под казна, и клубот не располага со двајца лиценцирани статистичари, по барање до МКФ на клубот му се делегира лиценциран статистичар кој се наоѓа географски најблиску до местото на одигрување на натпреварот. Домашната екипа е должна да ги покрие неговите патни трошоци.

Доколку има поплака на квалитетот на работата или односот на статистичарите од страна на официјалните лица на натпреварот или на некоја од екипите, се добива опомена. Доколку дојде до повторен случај, статистичарот автоматски се брише од Секцијата на статистичари.

Доколку има потреба заради проблеми од најразлични причини (прекин на доток на интернет, проблем со компјутерот или софтверот) за време на натпреварот, статистичарот е должен да го повтори водењето статистика со гледање на официјалното ДВД од натпреварот. Конечната статистика во таков случај треба да ја достави до уредникот на официјалната веб-страница, најдоцна 24 часа по завршувањето на натпреварот.

Доколку на натпреварот има неквалитетно водена статистика, статистичарите се должни да ја уплатат таксата за извршената работа на тој натпревар во здружението на младински или сениорски лиги, соодветно, кое потоа ќе го предади натпреварот на нова статистичка обработка од страна на Секцијата на статистичари. Доколку статистика не е водена на еден натпревар, по примање на ДВД снимката ја води Секцијата на статистичари во МКФ и таксата за изработената работа ја префрла соодветното здружение на Секцијата на статистичари.

**Член 11**

Толкувања на овој Правилник врши Управниот Одбор на МКФ, преку Генералниот Секретар на МКФ. Генералниот Секретар ја контролира работата на Раководителот и членовите на Секцијата на статистичари и се грижи за почитувањето на одредбите од овој Правилник.

УО на МКФ

Скопје, 27 Септември 2015

Претседател
Петар Наумоски

Генерален секретар
Моника Гаврилоска